**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ВИШ УПРАВЕН СУД**
**0807 Су-04 бр.0401-291/2019**
**04.12.2019 година**
**Скопје**

Врз основа на член 36 од Законот за судска служба („Службен весник на РМ“ бр.43/2014, 33/2015, 98/2018 и 198/2018) по спроведена постапка по објавениот Јавен оглас број 1/2019, заведен под 0807 СУ-04 бр.0401-250/2019 од 10.10.2019 година, за вработување на судски службеници на неопределено време, објавен во дневните весници „Нова Македонија“ и Лајм од 11.10.2019 година и Предлогот на Комисијата за избор на судски службеници за работно место за Категорија Г – помошно-стручни судски службеници, ниво Г-2 Виш судски референт – извршител во писарница, шифра на работно место СУД 0101Г02001 – 1 (еден) извршител, Претседателот на Вишиот управен суд, Исмета Амет, на ден 04.12.2019 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**- за избор за вработување -**

За работното место за Категорија Г – помошно- стручни судски службеници, ниво Г-2 Виш судски референт – извршител во писарница, шифра на работно место СУД 0101Г02001 – 1 (еден) извршител се избира кандидатот:

Рената Тодоровска

Решение за вработување со избраниот кандидат ќе се донесе по правосилноста на ова одлука.

## О б р а з л о ж е н и е

Вишиот управен суд, објави оглас бр.1/2019 заведен под 0807 СУ-04 бр.0401-250/2019 од 10.10.2019 година, за вработување на судски службеници на неопределено време, кој е објавен во дневните весници „Нова Македонија“ и Лајм од 11.10.2019 година.

По спроведената постапка за селекција за вработување за работно место за за Категорија Г – помошно- стручни судски службеници, ниво Г-2 Виш судски референт – извршител во писарница, шифра на работно место СУД 0101Г02001 – 1 (еден) извршител, согласно со Законот за судска служба („Службен весник на РМ“ бр.43/2014, 33/2015, 98/2018 и 198/2018) и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на

административната селекција, на испитите, проверката на веродостојност на докази и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работни места, како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници („Сл.весник на РМ“ број 236/2018), Комисијата за избор на судски службеници достави до Претседателот на судот, Предлог на кандидати за вработување во Вишиот управен суд, за работно место за за Категорија Г – помошно- стручни судски службеници, ниво Г-2 Виш судски референт – извршител во писарница, шифра на работно место СУД 0101Г02001 – 1 (еден) извршител, заведен под 0807 Су-04 бр.0401-250/2019 од 29.11.2019 година, примен од страна на Претседателот на судот на ден 02.12.2019 година. Со наведениот Предлог, се предлага кандидатот Рената Тодоровска.

Согласно член 36 став 1 од Законот за судска служба (Службен весник на РМ бр.43/2014, 33/2015, 98/2018 и 198/2018), судскиот администратор, односно Претседателот на судот во кој не е избран судскиот администратор, во рок од 5 дена по добивањето на Предлогот од членот 35 став 1 од Законот, е должен да донесе Одлука за избор.

Имајќи ја во предвид наведена законска одредба како и Предлогот на кандидати за вработување во Вишиот управен суд, за работно место за Категорија Г – помошно- стручни судски службеници, ниво Г-2 Виш судски референт – извршител во писарница, шифра на работно место СУД 0101Г02001 – 1 (еден) извршител, заведен во овој суд под 0807 Су-04 бр.0401-250/2019 од 29.11.2019 година, примен од страна на Претседателот на судот на ден 02.12.2019 година, се одлучи како во изреката на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба во рок од 8 (осум) дена, од денот на приемот на одлуката за избор, преку Вишиот управен суд, до Советот за судска служба.

**Претседател на Виш управен суд**
**Исмета Амет**

**Доставено до:**
- **сите кандидати од конечната ранг листа** Екр.04.12.2019
- **архива**
- **на интернет страницата на Вишиот управен суд**
- **на огласната табла на Вишиот управен суд**